РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 11-2298/6 од 02. 04. 2018 год.

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 год.), и согласно член 118 став 3 од Законот за животна средина ( "Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13,187/13, 42/14, 44/2015, 129/15, 192/15 и 39/16), а постапувајќи по Барањето за целосен пренос под бр. 11-2161/1 од 21.04.2017 год на ДПТТУ КАМЕНОЛОМ ТЕХНО ПАВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје. Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

# Р Е Ш Е Н И Е

За Целосен пренос на А – Дозвола за усогласување со оперативен план од ДПГТУ УС КОНСТРАКШН експорт-импорт Куманово – Подружница Фабрика за вар-Каменолом Превалец Велес на операторот ДПТТУ КАМЕНОЛОМ ТЕХНО ПАВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

## Образложение

На ден 21.04.2017 година од страна на ДПТТУ КАМЕНОЛОМ ТЕХНО ПАВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје., доставено е барање за целосен пренос на А- Дозвола за усогласување со оперативен план со пополнет образец со потпис и печат од страна на носителот на дозволата ДПГТУ УС КОНСТРАКШН експорт-импорт Куманово – Подружница Фабрика за вар-Каменолом Превалец Велес и превземачот на дозволата ДПТТУ КАМЕНОЛОМ ТЕХНО ПАВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

Согласно Договорот за Купопродажба склучен на ден 19.04.2017 год, ДПТТУ КАМЕНОЛОМ ТЕХНО ПАВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, е нов сопственик на инсталацијата за која е издадена предметната дозвола. Согласно член 118 став 1 од Законот за животна средина и просторно планирање ( "Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13,42/14,44/15и39/16) Министерот за животна средина и просторно планирање извршува целосен пренос на А-Дозвола за усогласување со оперативен план бр. 11-2627/1 од 20.03.2013 год , од операторот од која се пренесува дозволата ДПГТУ УС КОНСТРАКШН експорт-импорт Куманово – Подружница Фабрика за вар-Каменолом Превалец Велес, на операторот на кој се пренесува дозволата – ДПТТУ КАМЕНОЛОМ ТЕХНО ПАВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение операторот може да изјави жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена единствено во однос на задолжителните услови утврдени во дозволата, а кои не биле предвидени во Нацртот на дозволата или за кои операторот дал забелешки, а не биле прифатени од страна на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
Жалбата не го одложува извршувањето на решението.

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Изработил: Фатос Балиу
Контролирал / Одобрил: Назим Алити
Согласен: .Директор на Управа за ж.с
Xhezmi Saliu